Врз основа на член 51 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15 и 31/16 и 163/16) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13),и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14) Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров-Скопје, **го дава следното:**

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот, со дефиниран проектен опфат на **Архитектонско урбанистичкиот проект со намена А1 домување во станбени куќи за КП 2338, КП2339, КП 2340, КП 2341, КП 2342, КП 2343 и КП 2344, КО Кучково, Блок 23 од УПС Кучково, Општина Ѓорче Петров-Скопје, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:**

## Јавна презентација и Јавна анкета

**Површината на проектниот опфат изнесува** 3944,04 м2. Границите на проектниот опфат се поклопуваат со границите на КП 2338, КП2339, КП 2340, КП 2341, КП 2342, КП 2343 и КП 2344, КО Кучково и регулационата линија на станбената улица 22 и регулационата линија на суводолица.

- **Јавната анкета ќе трае 5 работни од 02.05.2017год. до 08.05.2017год. согласно објавата во Соопштението .**

- **Архитектонско урбанистичкиот проект** ќе биде изложен во просториите **на Општина Ѓорче Петров –Сектор за урбанизам,комун.дејности, заштита на животна средина и локален економски развој и М.З. Кучково** во период од 5 работни дена, секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот..

- **Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во** Јавните гласила „Вест" и "Утрински весник" **и во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.**

- Јавна презентација со стручно презентирање на АУП-от за претставници на **јавните претпријатија и институции и заинтересираните граѓани, ќе се одржи на 04.05.2017 (четврток) во $12^{00}$ часот во просториите на Одделението за планирање и уредување на просторот**.

- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Број 09-1256/2**
**од 28.04.2017 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Општина Ѓорче Петров